ИДРИЈА, МОЈОТ НОВ ДОМ!

Информации за новите жители на општината Идрија на едно место

MK

Добредојдовте во Идрија.

Добредојдовте во Идрија. Вие за својот дом сте ја одбрале општината којашто е горда на своето богато и интересно рударско и културно наследство, а се гордее и со исклучителна природна убавина. Низ историјата, рудникот на жива во Идрија привлекувал луѓе од различни делови на Европа да дејствуваат во нашите краишта. Во текот на повеќе од 500 години рударството, жителите на Идрија и околината, преку своето знаење, истрајност и снаодливост создале средина во којашто е убаво да се живее.

Овдешните луѓе сме вредни, упорни, делумно тврдоглави, но пред сè знаеме да си бидеме меѓусебна поддршка. Нашата заедница има богата традиција и силно чувство на припадност и меѓусебно сме многу поврзани. Добредојдени се сите што сакаат да создадат нов живот овде, а воедно од нив очекуваме подготвеност за вклучување во локалната средина, почитување на локалните обичаи и учество во животот на нашето општество. Се надевам дека оваа брошура ќе ви помогне што полесно да си создадете нов дом и активно да се вклучите во нашата заедница.

Со среќа!

Градоначалник на општината Идрија
Томаж Венцељ

Општина идрија

Општина Идрија се наоѓа во регионот Приморска и има население од околу 12.000 жители. Центарот на општината е градот Идрија со околу 6.000 жители. Територијата на општината е поделена на 10 месни заедници: градот Идрија, Сподња Идрија, Чрни Врх, Годович, Војско, Каномља, Крнице-Масоре, Ледине, Доле и Завратец.

Потрачјето на општината Идрија зафаќа површина од 294 км². Таа е оддалечена 58 км од Љубљана, 62 км од Нова Горица, 35 км од Ајдовшчина и 45 км од Толмин. Кон сите овие градови постојат редовни автобуски линии.

Седиштето на општината се наоѓа на адресата Местни трг 1, а во истата зграда е сместена и административната, односно управната единица Идрија, до која се пристапува преку друг влез од ул. Штудентовска 2. Градското редарство Идрија сместено е на адресата Местни трг 11, додека Градската дневна соба „Пр' Голиту" (Mestna dnevna soba Pr' Golitu) се наоѓа на адресата Местни трг 15. На интернетската страница се наведени и контактните податоците на вработените во Општина Идрија, организирани според одделите.

Контактни податоци:

Општина Идрија
Местни трг 1, 5280 Идрија
И: www.idrija.si
Т: +386 (0)5 373 45 00
Е: obcina.idrija@idrija.si

Работно време:

- понеделник, вторник и четврток од 07.00 ч. до 15.00 ч.
- среда од 07.00 ч. до 17.00 ч.
- петок од 07.00 ч. до 13.00 ч.

Што можам да средам во административната единица Идрија?

Во административната единица можете да ги средите сите работи поврзани со дозволи за престој, пријава на привремен/постојан престој, единствечни дозволи за работа и престој, склучување брак, издавање изводи од матична книга на родени и бројни други прашања (возачки дозволи, загубени документи и сл.).

Повеќе информации за административните услуги за странци можете да најдете на интернетската страница:

https://infotujci.si/

Ако сакате да избегнете редици, можете да закажете термин во Управната единица преку онлајн апликацијата е-Самонарачување (e-Samonaročanje). Сите информации се достапни на онлајн порталот:

www.gov.si

Бројните управни прашања може да ги средите и преку е-управата на:

https://e-uprava.gov.si/en

Контактни податоци:

Управна единица Идрија
Штудентовска улица 2, 5280 Идрија
И: www.gov.si/drzavni-organi/upravne-enote/idrija
T: +386 (0)5 373 43 00
F: +386 (0)5 377 33 32
E: ue.idrija@gov.si

Работно време:

- понеделник, вторник и четврток од 07.00 ч. до 15.00 ч.
- среда од 07.00 ч. до 17.00 ч.
- петок од 07.00 ч. до 13.00 ч.

Центар за социјална работа: подружница Идрија

Центарот за социјална работа Северна Приморска, подружница Идрија, ги опфаќа општините Идрија и Церкно. Центарот на корисниците им нуди информации, совети и помош при справување со социјални, семејни, финансиски и лични потешкотии. Случаите се решаваат индивидуално, со доверливост и почит, со цел на корисниците да им се понуди поддршка во барањето на решенија и во подобрувањето на нивните животни ситуации.

Центарот за социјална работа (ЦСР) Идрија помага при средување на различни права и нуди поддршка од јавни средства, како што се парична социјална помош, детски додаток, субвенција за градинка, државна стипендија, субвенции за оброци храна во училиште и други видови поддршка. На корисниците им помага да ги разберат постапките, да ги пополнат апликациите и да се стекнат со потребните информации. Бројни луѓе се чувствуваат мошне несигурни кога станува збор за обрасци и процедури, па затоа постои обид истите да им се објаснат што е можно појасно и поразбирливо.

Ги информираат родителите и им помагаат во остварувањето на нивните права поврзани со раѓањето на дете и семејната грижа, како што се породилното, татковското и родителското отсуство, така и родителските надоместоци. Исто така, вработените во ЦСР помагаат во уредувањето на правата по повод раѓањето на дете и при другите прашања, поврзани со родителството.

Голем дел од нивната работа наменет е на поддршката на деца, млади и семејства. Тие помагаат во решавањето на семејните несогласности, при потешкотиите кај децата и младите, проблемите во училиштето, прашањата за воспитување и случаите на насилство или други тешки животни состојби. Тие секогаш бараат решенија кои се во најдобар интерес за детето и семејството. Притоа соработуваат и со училишта, градинки, здравствени установи и други организации.

Значаен дел од нивната работа е и нудење помош на постари лица и на нивните роднини. Тие нудат совети за можностите за помош дома, за

институционалното осигурување, за долгорочна нега и други видови поддршка коишто можат да го олеснат секојдневниот живот на поединците.

Центарот за социјална работа исто така врши значајни јавни овластувања. Тоа значи дека во одредени постапки тие одлучуваат за правата и интересите на поединците и семејствата. Меѓу другото, тие учествуваат во постапките што уредуваат старателство, згрижување, посвојување, заштита на деца и заштита на поединци на коишто од различни причини им е потребна помош при грижа за себеси или за заштита на своите права. Тие, исто така, соработуваат и со судовите и други институции и подготвуваат стручни мислења и предлози.

ЦСР Идрија спроведува разни програми за деца, млади и други корисници на услуги. Во училиштата, тие организираат работилници и активности на коишто младите развиваат социјални вештини, самодоверба и чувство на припадност. За лица со ментална попреченост постојат групи за поддршка, дружење и меѓусебна помош.

Достапни се лично, по телефон или по е-пошта за време на работното време.

Контактни податоци:

Центар за социјални работи Северна Приморска
подружница Идрија
Војкова улица 4а, 5280 Идрија
И: www.csd-slovenije.si/csd-severna-primorska/enota-idrija/
Т: +386 (0)5 373 46 00
Е: gpcsd.idrija@gov.si

Работно време:

- понеделник 08.00 ч. до 12.00 ч. и од 13.00 ч. до 15.00 ч.
- среда од 08.00 ч. до 12.00 ч. и од 13.00 ч. до 17.00 ч.
- петок од 08.00 ч. до 12.00 ч.

Како до задолжително здравствено осигурување?

Задолжителното здравствено осигурување го спроведува Заводот за здравствено осигурување на Словенија (ЗЗОС, слов. ZZZS), и тоа според принципите на социјалната праведност и солидарност помеѓу здравите и болните, старите и младите, богатите и сиромашните.
Здравственото осигурување во Република Словенија (РС) е задолжително за сите лица кои ги исполнуваат пропишаните услови, утврдени со Законот за здравствена заштита и здравствено осигурување (ЗЗЗЗО, слов. ZZVZZ). Според ЗЗЗЗО, осигурени лица претставуваат осигурениците и нивните членови на семејството. Како осигурени лица, во системот на задолжително здравствено осигурување треба да бидат вклучени оние кои ги исполнуваат условите утврдени во членот 15 од ЗЗЗЗО, а како членови на семејството, во системот на задолжително здравствено осигурување се вклучени оние лица коишто ги исполнуваат условите, утврдени во членовите од 20 до 22 член од ЗЗЗЗО.
Според горенаведениот закон, за осигурениците пропишана е обврска на плаќање придонеси, при што е пропишано и кој е обврзник за нивното плаќање и обврзникот за пријава на лицата во задолжително здравствено осигурување, видот на придонесите и основата, од којашто се плаќаат истите, а и обемот на правата.
Плаќањето на пропишаните придонеси е поврзано со изворот што на осигуреното лице му обезбедува основна социјална безбедност (вработување, пензија, самостојна дејност, надоместоци за инвалидност, сопствени средства, социјална помош).
Во случај кога словенечки државјанин со постојано живеалиште во РС не ги исполнува условите за да биде осигуран според некоја од 1. до 20. точка и 22. и 25. точка од членот 15 од ЗЗЗЗО, тогаш во задолжително здравствено осигурување го пријавува надлежниот Центар за социјални работи којшто ги утврдува и критериумите коишто треба лицето да ги исполноува. Доколку семејните членови не ги исполнуваат условите за да бидат самите осигурени лица, тогаш тие се вклучуваат во задолжителното здравствено осигурување преку

осигурените лица коишто стануваат носители на осигурувањето.
Врз основа на поднесокот, поднесен од страна на обврзникот за пријавата, самата пријавата, промената или одјавата на лицата во или од задолжителното здравствено осигурување ја врши подрачната единица или филијалата на ЗЗОС. Задолжителното здравствено осигурување овозможува на осигурените лица користење на правата на здравствени услуги, лекови, медицински помагала и на парични надоместоци како што се надомест на плата за време на привремена отсутност од работа и за поврат на патни трошоци во врска со користењето на правата од лекарски услуги.

Придонес за задолжително здравствено осигурување

Дополнителното здравствено осигурување беше укинато на 31. 12. 2023 г. и во јануари 2024 г. беше воведен нов задолжителен здравстени придонес (ЗЗП) којшто заедно со досегашните придонеси за задолжително здравствено осигурување гарантира 100 % финансирање на правата од задолжителното здравстено осигурување.

Сите информации во врска со задолжителносто здравствено осигурување и задолжителниот здравствен придонес можат да се најдат на нивната интернетска страница.

Контактни податоци:

Подрачна единица Љуб љана,
филијала Идрија
Косовелова улица 8, 5280 Идрија
И: www.zzzs.si
Т: +386 (0)1 307 73 00
E: OELJ@zzzs.si

Работно време:

- понеделник и вторник 08.00 ч. до 12.00 ч. и од 13.00 ч. до 15.00 ч.
- среда од 08.00 ч. до 12.00 ч. и од 13.00 ч. до 17.00 ч.
- петок од 08.00 ч. до 13.00 ч.
- во четврток нема работно време за странки

Кои услуги ги нуди Здравствениот дом Идрија?

Здравствениот дом Идрија и Здравствената станица Церкно, која работи под надлежност на Здравствениот дом Идрија, имаат ординации за семејна медицина, стоматолошки ординации, педијатриска и училишна здравствена ординација и други здравствени услуги каде што, покрај медицинската нега, можат да се добијат и разни видови совети.

Откако ќе го средите своето задолжително здравствено осигурување, можете во Здравствениот дом Идрија да одберете свој матичен лекар, кај кого ќе одите во случај на здравствени потешкотии. Списокот на лекари кои сè уште примаат нови пациенти е достапен на интернетската страница на Заводот за здравствено осигурување на Словенија во делот "Избор на матичен лекар" („Izbira osebnega zdravnika") и на интернетската страница на Здравствениот дом Идрија во делот "Ординации на ЗД Идрија". Можете да изберете свој матичен лекар, педијатар, гинеколог или стоматолог, под услов да се на располагање и сè уште да примаат нови пациенти.

Сите медицински служби на ЗД Идрија може да ги најдете на линкот ***https://www.zd-idrija.si/medicinske-sluzbe/***.

Прегледот може да го закажете лично, по пошта, по телефон (за време на ординација, освен во последниот час на ординацијата) или преку образецот за закажување (***eNaročanje zVEM Plus***).

Достапен е и информативниот пункт, отворен секој работен ден од 6.30 до 20.00 часот. Се наоѓа во лобито покрај главниот влез на ЗД Идрија, каде што можете да ги добиете сите потребни основни информации. **ЗД Идрија обезбедува итна медицинска помош 24 часа дневно, секој ден во годината.**

Во случај на итна состојба јавете се на бројот **112**.

Контактни податоци:

Здравствен дом Идрија
Ул. Отона Жупанчича 3, 5280 Идрија
И: www.zd-idrija.si
Т: +386 (0)5 373 42 00
Е: zd.idrija@zd-idrija.si

Во ЗД Идрија се наоѓаат и Центарот за ментално здравје на деца и адолесценти и Центарот за промоција на здравјето. Центарот за промоција на здравјето нуди бесплатни совети и работилници за здрава исхрана, физичка активност, одржување здрава телесна тежина, откажување од нездрави навики (пушење, алкохол и сл.), грижа за менталното здравје, градење добри меѓучовечки односи и справување со стресот. Програмите се наменети за секој што сака да преземе активна улога во грижата за своето здравје; лицата со важечко основно здравствено осигурување имаат право да учествуваат, а сите трошоци се покриени од Заводот за здравствено осигурување на Словенија (ЗЗЗС).

Контактни податоци:

Центар за промоција на здравјето
И: www.ckz.zd-idrija.si/
Т: +386 (0)5 373 42 22
Е: ckz@zd-idrija.si

Каде можам да набавам лекови?

Со среденото задолжително здравствено осигурување можете да добиете бесплатни лекови на рецепт во аптеката Идрија, а другите лекови и препарати се достапни со наплатување.

Контактни податоци:

Аптека Идрија
Аркова улица 4, 5280 Идрија
И: www.lekarnaljubljana.si/poslovalnice/lekarna-idrija
Т: +386 (0)1 230 61 00

Градинка

Децата може да се запишат во градинката од надополнета 11-месечна возраст, или кога нивните родители повеќе не го користат правото на родителско отсуство, сè до почетокот на запишување во училиште. Градинката им обезбедува на децата безбедна, стимулативна и пријатна средина во којашто преку игра, физичка активност, истражување, креативност и дружење тие стекнуваат значајни искуства и се развиваат во различни области на развојот. Детската градинка Идрија спроведува дневна програма во времетраење до 9 часа. Воспитно-образовната програма во секоја група ја реализираат воспитувач на предучилишни деца и воспитувач на предучилишни деца – помошник на воспитувач.

Вработените во градинката се стремат децата да се чувствуваат прифатени, безбедни и слушнати. За нив е значајно секое дете да развие чувство на припадност кон групата, самостојност, самодоверба и позитивни односи со врсниците и возрасните. Голем акцент стават на учењето низ игра, движење, поминување време на отворено и создавање на пријатна социјална средина. Тие поттикнуваат соработка, меѓусебна поддршка, почит кон различноста и постепен развој на самосталноста. Децата имаат можност да учествуваат во разни активности, проекти, културни настани, претстави, прослави и ангажман со локалната заедница. Преку тоа, тие стекнуваат богато искуство, развиваат љубопитност и креативност и негуваат чувство на припадност кон заедницата.

Запишување во градинка

Запишувањето на детето во градинка се врши низ целата година, а секоја година во февруари градинката објавува јавно запишување за следната учебна година. Родителите треба да ја поднесат пријавата во пропишаниот рок – пријавите примени по одредниот датум ќе се земат предвид во зависност од слободните места. Информациите за запишувањето, потребната документација и слободните места се достапни на интернетската страница на градинката или можат да се побарат кај стручниот соработник на градинката.

За запишување во градинка треба да се пополни **образецот за упис** којшто е достапен на интернетската страница на градинката, а потоа треба да се прати по пошта или да

се предаде лично во управата на градинката (Аркова 7, 5280 Идрија). Образецот за упис може да се предадете и кога било во тек на учебната година, а вклучувањето на детето ќе биде можно со оглед на слободните места.

Лекарско уверение

За вклучување во градинка потребно е и **лекарско уверение** коешто го издава матичниот лекар на детето (педијатар којшто работи во Словенија). Од потврдата треба да биде уочливо дека детето е вакцинирано против сипаници, заушки и рубеола. Лекарската потврда треба да се достави **најдоцна до денот на вклучување во градинка**. Доколку детето е на посебна исхрана, треба до градинката да се достави **потврда за медицински пропишана исхрана**, пополнета од страна на педијатарот на детето.

Намален износ за плаќање градинка

Градинката не е бесплатна за родителите. Износот на надоместокот е во зависност од категоријата на приходи на семејството што ја одредува надлежниот центар за социјални работи, во којшто родителите ја поднесуваат соодветната пријава во месецот пред детето да почне да ја посетува градинката.

- Барањето за остварување на права од јавни средства, односно намален износ за плаќање градинка, треба да се поднесе до Центарот за социјални работи за секое дете посебно што се запишува во градинка.
- Градинката е бесплатна за второто дете доколку неговото постаро братче или сестриче ја посетува градинката во исто време. Истотака, градинката е бесплатна и за трето и за секое следно дете, без оглед на тоа дали неговите браќа и сестри посетуваат градинка или не.

Подготовки за запишување во градинка

- Родителскиот состанок за родителите на новите деца се одржува во јуни или јули.
- Индивидуалниот разговор со стручниот кадар на одделот се одржува приближно една недела пред вклучувањето на детето. На состанокот се разговара за навиките на детето (како најлесно заспива, како се смирува, со што сака најмногу да игра, неговите навики во исхранта и слично), за досегашното искуство со чувањето и згрижувањето, за евентуелните здравствени проблеми и третмани кај поединечни специјалисти.

Постепено прилагодување во градинка

Посебно внимание се посветува на постепеното воведуваење на детето во градинка, будејќи целта е преминот од домашната средина да тече што помирно и пријатно. На родителите им се овозможува постепено вклучување на детето во групата и соработка со стручниот кадар за време на прилагодувањето. Добрата соработка помеѓу семејството и градинката се подразбира како значаен фактор за доброто чувствување на детето и неговото успешно вклучување во градинката.

Кога детето започнува да оди во градинка, сосема е вообичаено да биде поосетливо, почесто да плаче, да биде поуморно или да има привремено потешкотии со спиењето и јадењето. Станува збор за вообичаени реакции на нова средина, нови луѓе и променета дневна рутина. Кај повеќето деца овие потешкотии постепено се смируваат во првите денови, односно недели откога тие ќе се навикнат на новата средина и во неа ќе се чувствуваат безбедно.

Затоа, на родителите им се советува да си земат **неколку слободни денови** од работа за периодот на прилагодување и да бидат присутни во градинката заедно со своето дете. За времето на доаѓањето и колку долго родителите ќе останат во градинката, тие се договараат со воспитивачот. Во првите неколку дена, детето нека ја донесе во градинка својата омилена играчка којашто ќе го потсетува на домот.

Потребните работи на детето во градинка

- Децата нека имаат во градинка **резервни алишта и обувки, потпишани влечки, ќеса за нечиста облека, доволно пелени**.
- Во почетниот период препорачливо е децата да имаат со себе и цуцла, омилена **играчка, односно ќебенце** за заспивање.

Соработка со родителите

Информациите за своето дете и за градинката, родителите можат да ги добијат преку:

- **секојдневната размена на информации** помеѓу стручниот персонал и родителите,
- **консултациските средби** што се одржуваат еднаш месечно (се очекува родителите да

присуствуваат барем еднаш годишно, односно во случај доколку на консултација ги покани стручниот персонал),
- **заедничките родителски состаноци на одделите** што се одржуваат трипати годишно (пожелно е родителите да учествуваат на родителските состаноци),
- **заедничките средби на нивото на одделот и на единицата,**
- **предавањата за родители.**

Значајните информации за родителите се објавени на огласните табли на влезот во игротеките, на огласните табли на поединечната единица, а родителите се запознаени и преку **апликацијата Евио** (Evio).

Известување за отсуство на детето

Родителите можат да ја известат градинката за отсуство на своето дете по телефон или преку апликацијата Евио. Во случај на заразно заболување, препорачливо е за истото да ја известат и градинката.

Присутност на детето во случај на болест

Во случај на болест и при повторното враќање на детето во градинка, истата ги следи препораките на НИЈЗ (Национален институт за јавно здравје) и на педиајатарот на детето. Имено, при враќањето во градинка после помината болест значајно е и општото чувствување на детето и здравствената состојба и неговата способност да се исхранува, да спие и да се вклучува во игра како и вообичаено.

Во случај на појава на заразни болести и за мерките за нивното спречување, градинката ги известува родителите преку известувања на огласните табли и преку апликацијата Евио. **Во случај ако детето се разболува во градинка, за истото веднаш се известуваат родителите од коишто се очекува да дојдат по своето дете што поскоро**. На тој начин го заштитуваат здравјето на останатите деца во градинката, а на своето болно дете му овозможуваат соодветна нега дома.

Брзо посредување

Доколку се појават какви било потешкотии во врска со развојот на детето, заедно со родителите и детето се бара соодветен вид поддршка. Притоа соработуваат градинката, родителите и стручните лица од различни области во рамките на ординацијата за развој. Во случај на дополнителни прашања, родителите можат да ѝ се обратат до службата за советување во градинката.

Градинката Идрија има повеќе клонови:

- **клонови Аркова и Преловчева во Идрија,**
- **клон во Сподња Идрија и два оддели во Ледине,**
- **клон во Годович,**
- **клон во Чрни Врх.**

Контактни податоци:

Градинка Идрија
Аркова улица 7, 5280 Идрија
И: www.vrtec-idrija.si
Т: +386 (0)5 374 33 10 (администрација)
Т: +386 (0)5 374 33 11 (служба за советување)
E: vrtec.idrija@guest.arnes.si

Основно училиште

Основното образование во Словенија е задолжително, бесплатно и трае девет години. Наменето е за деца на возраст од 6 до 15 години коишто процесот на образованието го завршуваат во единственото деветгодишчно основно училиште.

Во прво одделение од основното образование се запишуваат децата коишто ќе наполнат шест години во календарската година во која ќе започнат со училиште. Запишувањето во основното училиште се одвива во февруари. Повеќе информации за запишувањето и наставната програма (вклучително и за децата кои веќе започнале со основното образование) можат да се добијат во најблиското основно училиште. Информации за намалени цени за ужинка и ручек се достапни во вашиот локален центар за социјални работи.

Единствен наставен план на деветгодишно основно училиште се дели на три тригодишни периоди (триади):

- Прв период (од 1. до 3. одделение): Наставата главно ја водат двајца наставници, одделенскиот наставник и вториот наставник. Фокусот е на развојот на основните вештинипотребни за понатамошно учење кај детето, односно на сèопфатниот развој, основните знаења и интеграцијата на знаењата.
- Втор период (од 4. до 6. одделение): Постепен премин кон предметна настава. Покрај одделенскиот наставник, наставниците стручни по одделни предметипочнуваат да предаваат одредени предмети. Нагласено е продлабочувањето на знаењето, разбирањето, поврзувањето и поттикнувањето поголема автономија кај учениците.
- Трета фаза (од 7. до 9. одделение): Целосна настава по предмети. Учениците избираат изборни предмети според своите интереси и се


подготвуваат за понатамошно образование. Фокусот уште повеќе се поместува од стекнувањето основни знаења кон самостојно размислување, примена на знаењата, критичко размислување и подготовка за понатамошно образование.

Национално проверување на знаење (НПЗ)

Според важечките прописи, во Словенија НПЗ се полага во **3., 6. и 9. одделение**, значи на крајот од секој воспитно-образовен период. НПЗ е задолжителен за сите ученици. Неговата основна намера е стекнување со дополнителни информации за постигнатите цели и стандарди на знаење, и врз таа основа да се планира понатамошната работа. НПЗ го координира Државниот испитен центар. Во 3. одделение се проверува знаењето по словенечки јазик и математика, во 6. одделение се проверува знаењето по словенечки јазик, математика и англиски јазик, а во 9. одделение се проверува знаењето по словенечки јаизк, математика и трет предмет што секоја година на 1. септември го одредува надлежното министерство. Резултатите во 9. година можат да послужат како критериум за упис на средни училишта со ограничен број на уписи.

Наставната програма се дели на два главни дела:

- **Задолжителна програма** која ги опфаќа задолжителните предмети (словенечки јазик, математика, англиски јазик, историја, географија, природни науки, спорт итн.), деновите на активности (спортски, културни, природно-научни и технички денови) и изборни предмети.
- **Проширена програма** која вклучува изборни предмети, утринска згриженост (за помалите ученици), продолжено згрижување, дополнителна настава и додатни часови и активности по интерес.



Во општината Идрија постојат три матични основни училишта:

- Основно училиште Идрија со клон во Годович и клон за образование и обучување на деца и млади со посебни потреби, кадешто се вршат програмата на понискиот образовен стандард и посебната програма,
- Основно училиште Сподња Идрија со клонот во Ледине,
- Основно училиште Чрни Врх.

Контактни податоци:

Основно училиште Идрија
Ул. Лапајнетова 50
5280 Идрија
И: www.os-idrija.splet.arnes.si
Т: +386 (0)5 37 26 200
Е: osidrija@os-idrija.si

Основно училиште Сподња Идрија
Шолска улица 9,
5281 Сподња Идрија
И: www.os-spidrija.si
Т: +386 (0) 5 37 74 700
Е: os-spidrija@guest.arnes.si

Основно училиште Чрни Врх
Чрни Врх 95, 5274 Чрни Врх над Идрijo
И: www.oscv.si
Т: +386 (0)5 37 43 654
Е: info@oscv.si

Средно училиште

Гимназија „Јурij Вега”, Идрија е училиште што нуди три среднешколски програми: четиригодишна програма од општо гимназиско образование, четиригодишна стручна програма за машински техничар и тригодишна програма за средно стручно образование за мехатроничар оператор. Гимназиската програма е една од најзахтевните и завршува со општа матура како државен испит. Програмата машински техничар завршува со стручна матура што опфаќа писмен и усмен испит по словенечки јазик, машинска технологија, странски јазик или математика и проектна, односно семинарска работа и нејзина одбрана. За запишување пожелно е солидно знаење по математика и природни науки. Образованието во програмата мехатроничар оператор завршува со завршен испит кој опфаќа писмен и усмен испит по словенечки јазик и усмена одбрана на проектот или услугата. После програмата повеќето од средношколците продолжуваат со двегодишна програма на стручно-техничко образование, односно можат да се вработат во металнопреработувачка индустрија и електроиндустријата, кадешто имаат и можност на стекнување стипендии. Програмата се карактеризира со високо ниво на практична обука којашто средношколците ја изведуваат во училишните работилници, локални претпријатија и во компаниите во странство.

Запишување во средно училише

Информации за странци: ***https://infotujci.si/vkljucevanje-v-slovensko-druzbo/izobrazevanje/srednjesolsko-izobrazevanje/***

Запишувањето во 1. година средно училиште се очекува да се врши до почетокот на април, во согласност со распоредот, утврден од Министерството за воспитување и образование. Идните средношколци можат да се запишат и во тек на годината во програмите за коишто сè уште има слободни места. Услов за запишување во средно училиште е успешно завршување на основното училиште.

Претходно образование во странство

Идните средношколци коишто претходно се образувале во странство, треба при запишувањето да поднесат барање за признавање на нивното образование со цел да го продолжат своето образование. Кон своето барање тие треба да приложат:

- личен документ и фотокопија на истиот,
- образец Н - ***https://e-uprava.gov.si/podrocja/vloge/vloga.html?id=2130&lang=si***,
- словенечки ЕМБГ,
- оригинално свидетелство за завршено образување и фотокопија на истото,
- сите свидетелства треба да бидат преведени од страна на овластен судски преведувач,
- кога станува збор за признавање на средношколско образување, потребно е да се приложат оригинални годишни средношколски свидетелства и фотокопии на истите,
- опис на текот на завршеното/делумно завршеното образование.

На средношколците коишто поднеле барање на нивното образование, училиштето ќе им издаде решение во којашто се признава, односно не се признава правото на понатамошно образование.

Курс по словенечки јазик за средношколци чиј мајчин јазик не е словенечкиот јазик

Правилникот за курсот по словенечки јазик за средношколци: ***https://pisrs.si/pregledPredpisa?id=PRAV13433***

Средношколецот чиј мајчин јазик не е словенечки јазик или кој не завршил основно образование во Република Словенија мора при првото запишување во средно образование во Република Словенија да го докаже своето познавање на словенечкиот јазик со доставување на сертификат кој потврдува дека положил тест за јазична компетентност во согласност со општата европска референтна рамка за јазици на ниво А2. Доколку не достави таков сертификат, треба да полага тест за јазична компетентност во училиштето. За средношколците кои не доставиле сертификат со кој се потврдува дека го поминале тестот за јазична компетентност во согласност со општата европска референтна рамка за јазици на ниво А2, или кои не го положиле тестот, училиштето на почетокот на учебната година организира интензивен курс по словенечки јазик.

Идријско-церклјанска развојна агенција (ICRA)

Обучувања и други бесплатни активности за возрасни

Агенција за развој Идрија-Церкно (ИЦРА) организира разни програми за обука, курсеви и други активности за возрасни, во коишто можат да се вклучат и странски државјани кои живеат или работат во областите на Идрија и Церкно. Ако не сте сигурни која програма е соодветнс за вас, можете да ги повикате, да им пишете или да ги посетите. Тие ќе ви помогнат да најдете соодветна програма и ќе ви објаснат како да аплицирате.

Учење словенечки јазик

Почетна интеграција на доселеници (ПИД – слов. ZIP) е јавно важечка програма од 180 часа што е моментално бесплатна и е наменета за учење на словенечки јазик и за запознавање на словенечкото општество, историја и култура. Програмата е наменета за доселеници коишто не се државјани на Европската унија (лица од трети земји) и ги исполнуваат условите за вклучување. Учесниците се стекнуваат со знаење на словенечкиот јазик за секојдневна комуникација и се запознаваат со темите поврзани со животот во Словенија. Програмата ги подготвува и за испис по познавање на словенечкиот јазик. За запишување на курсот треба на управната единица да се прибави Потврда за исполнување на услови за учество во единствената програма којашто се доставува до Агенцијата за развој Идрија-Церкно (ИКРА) кадешто ќе помогнат при самото запишување.

https://www.icra.si/projekt/60/zacetna-integracija-priseljencev-zip/

Едукативни програми на возрасни во регионот Горишка

Во рамката на проектот **Едукативни програми за возрасни (ЕПВ** слов. **IPO)** во регионот Горишка се нудат бесплатни едукации за возрасни. Програмата посветува посебно внимание при вклучувањето на странските државјани. Се спроведуваат јавноважечки и

неформални едукативни програми:

- курсеви по словенечки јазик,
- курсеви по други странски јазици,
- курсеви за стекнување дигитални компетенции,
- програми за Обука за животен успех (ОЖУ слов. UŽU),
- други општообазовни програми за развој на знаења и вештини, релевантни за работа и секојдневен живот, на пр. финансиско описменување, социјални и граѓански компетенции, претприемништво, одржлив развој, здрав начин на живот и други клучни кометенции,
- подготвителни програми за полагање на испит по словенечки јазик.

Програмите се во времетраење од 40, 60 или 100 часа. Во текот на годината, понудата се менува, затоа се препорачува актуелните програми да се проверат на интернетската страница на ИКРА или да се стапи во контакт со нив: ***https://www.icra.si/projekt/70/ipo-izobrazevalni-programi-za-odrasle-v-goriski-regiji/***

Повеќегенерациски центар на Горишка – ПГЦ на Горишка

ИКРА е партнер во проектот **Повеќегенерациски центар на Горишка – ПГЦ на Горишка** (слов. **Večgeneracijski center Goriške – VGC Goriške**) којшто нуди бесплатни активности, дружење, информации, поддршка и совети за полесна интеграција во локалната заедница. ПГЦ е наменет на луѓето од различни генерации, а својата посебна внимателност ја наменува на поединци и семејства на коишто им треба дополнителна поддршка при вклучувањето во општеството, а меѓу кои се и доселениците и белагците и нивните семејства. Се организираат предавања, едукативни и практични работилници, средби со разговори и други дејности што овозможуваат дружење, стекнување нови знаења и меѓугенерациско и меѓукултурно поврзување. Актуелните активности се објавени на интернетската страница на ИКРА и на другите информативни канали.

https://www.icra.si/projekt/73/vecgeneracijski-center-goriske/

Контактни податоци:

Агенција за развој Идрија – Церкно
Местни трг 2, 5280 идрија
Mestni trg 2, 5280 Idrija
И: https://www.icra.si/
Т.: +386 (0)5 37 20 180
E.: info@icra.si

Гимназија „Јурij Вега“ Идрија

Едукација на возрасни

Повеќе информации: ***https://www.gim-idrija.si/izobrazevanje-odraslih-2/***

Во рамките на едукација на возрасни, на кандидатие им се нуди:

- самостојно учење што е соодветен начин на едукација за оние коишто сакаат да се подготвуваат на испити самостојно, без организирани предавања, или за кандидати коишто сакаат да ги положат преостанатите испити за да ги завршат програмите за кои е акредитирано нашето училиште: мехатроничар оператор, металопреработувач – алатар, машински техничар ССО (средно стручно образование) и СТО (стручно техничко образование) и гимназија. За секој кандидат се подготвува индивидуален план за изведба и за завршување на програмата. Притоа, на кандидатот му се признаваат постигнатото образование, веќе положените испити и неговото работно искуство.
- Но, доколку веќе имате одредени вештини и знаења за одредена професија, меѓутоа немате формални потврди, може да се вклучите во програмата на **Национална стручна квалификација (НСК,** слов. **Nacionalna poklicna kvalifikacija (NPK)** и така најбрзо да си ја остварите својата посакувана кариера. Во моментов се достапни следниве професии: – помошник за одржување во производство и управувач на машини во производство.

Самостојно учење

Учебник: *Naslon*

Интерактивен учебник за возрасни, на словенечки, англиски и албански јазик: ***https://centerslo.si/knjige/ucbeniki-in-prirocniki/osnovna-stopnja/naslon/***

На истиот достап, учебникот „Naslon" е на располагање и како неинтерактивна верзија во ПДФ што може да се испечати. Содржината се темели на вистинските комуникациски потреби на возразните лица коишто наново се преселиле во Словенија, во почетниот период на нивниот живот во Словенија. Вклучуваат вокабулар, постојани фрази и текстови со коишто странскиот државјанин најверојатно ќе се сретне кога ќе му бидат потребни документи во управната единица на локалната самоуправа, кога ќе побара медицинска помош, кога ќе бара сместување и слично. Содржи и информации за работа и кариери и за јавниот образовен систем.

Други учебници (A1–A2)

https://centerslo.si/knjige/ucbeniki-in-prirocniki/osnovna-stopnja/

Онлајн курсеви

Slonline: апликација што откако ќе се преземе на телефон, таа ќе работи дури и без активен интернет. Достапна е на осум јазици: ***https://play.google.com/store/apps/details?id=si.digied.slonline&hl=en&pli=1***

Преку компјутер може да се достапува преку оваа врска: ***https://www.slonline.si/***

Zapošljavanje stranaca

Страните државјани кои се граѓани на Европската Унија, Норвешка, Исланд, Лихтенштајн или Швајцарија имаат слободен пристап до пазарот на труд во Словенија, што значи дека можат да започнат со работа без работна дозвола.

Сепак, **странските државјани од т. н. трети земји**, пред да се вработат во Словенијатреба да добијат дозвола за работа. Првиот чекор е да се најде работодавач во Словенија. Список на актуелните слободни работни места, филтрирани според различни критериуми (образование, занимање, локација) може да се најдат на интернетската страница ***www.ess.gov.si***.

Откако ќе се најде работодавач кој е подготвен да го вработи странецот, може странецот да поднесе барање за единствена дозвола за престој и работа, која му овозможува влез, престој, вработеност и работа во Словенија. Својата пријава за единствена дозвола треба да ја поднесе во управната единица ако веќе се наоѓа во Словенија, или во словенечкото дипломатско или конзуларно претставништво во неговата матична земја. Пред да ја поднесе својата пријава, треба да го извести својот работодавач, бидејќи тој на датумот на поднесување на пријавата треба да ги има подмирени сите свои даночни обврски.

Постапката за издавање на единствена дозвола за престој и работа ја води локалната управна единица, додека Заводот за вработување ја издава својата согласност за единствената дозвола за престој и работа под услов да се исполнети сите услови (тие се разликуваат во зависност од видот на согласноста).

Исклучок: **за вработување на државјани спорд договорот со Босна и Херцеговина и со Србија како и за сезонската работа** во земјоделството/шумарството и туризмот/угостителството што се покуси од 90 дена, **постапката за издавање работна дозвола тече на Заводот за вработување.** Издадената работна дозвола на Заводот за вработување се зема предвид како согласност кон единствената дозвола за престој и работа што ја издава управната единица во Словенија.

Самовработување на странски државјани

Странските државјани можат да се самовработат по една година законско престојување во Словенија без прекин или со регистрација во трговскиот регистар. Во овој случај, не е потребна согласност од Заводот за вработување. Доколку некој сака да основа трговец поединец (самостојателен претприемник) или друг вид на друштво, може да се обрати до СПОТ точката во Идрија (ИКРА и ПЗК (Подрачно занаетчиска комора Идрија, слов. OOZ – Območno obrniška zbornica Idrija), каде што ќе му помогнат со процесот на регистрација и другите процедури. Повеќе информации: ***https://spot.gov.si/sl***

Општите информации во врска со самовработувањето на странски државјани и обрасците се на располагање на интернетската страница: ***https://www.ess.gov.si/iskalci-zaposlitve/zaposlitev-tujih-drzavljanov/***

За информациите за барањата и постапката на издавање единствена дозвола, ве молиме контактирајте ја управната единица што ја води постапката.
Заводот на РС за вработување, канцеларијата на работодавачи располага со информации во врска со контрола на пазарот на труд, издавање согласности за вработување на странски државјани, со вработување на странци според меѓународни договори за вработување со Босна и Херцеговина и за Србија како и за сезонските работи, покуси од 90 дена. Подрачјето што го покрива Управната единица Идрија е во надлежност на канцеларијата во Нова Горица кадешто е можна и лична посета за време на работното време на адресата Улица Толминских пунтарјев бр. 4, Нова Горица или повик преку телефон 05 33 50 206 или пошта на е-адресата: ***gpzrsznovagorica@ess.gov.si***

ИНФО ПУНКТ ЗА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ функционира во рамките на Заводот за вработување со цел да се обезбеди **целосна поддршка на работниците доселеници и на нивните работодавачи**, а достапни се на телефонски број +386 (0)1 330 81 20 или преку е-пошта: info-tocka@ess.gov.si, бидејќи обезбедува информации, советување и помош

во врска со вработувањето и работата на странските државјани. За повеќе информации, посетете ја интернетската страница ***https://www.ess.gov.si/iskalci-zaposlitve/zaposlitev-tujih-drzavljanov/infotocka-za-tujce***

Какви се **правата и обврските на работникот доселеник, односно на работодавачот**, можат да се добијат во **Посоветувалница за работници (Delavska svetovalnica)** на бесплатниот телефонски број 080 14 34 или на ***www.delavskasvetovalnica.si***

Контактни податоци:

ЗРСВ, Биро за вработување, Идрија
(ZRSZ, Urad za delo Idrija)
Рожна улица 2а, 5280 Идрија
И: www.ess.gov.si/iskalci-zaposlitve/
Т: +386 (0)5 377 10 69


Претпријатија

Во општина Идрија работат две големи меѓународни компании, Колектор АД (Kolektor d. d.) и Хидриа ДОО (Hidria d. o. o.), кои заедно вработуваат неколку илјади луѓе. Двете компании имаат долгогодишно искуство во вработување странски државјани и на новите вработени им обезбедуваат поддршка во врска со нивното вработување, пристигнување во Словенија и интеграција во работната средина.

Контактни податоци:

Колектор АД (Kolektor d. d.)
Војкова 10, 5280 идрија
И: www.kolektor.com/kariera
Е: zaposlitev@kolektor.com

Хидриа ДОО (Hidria d. o. o.)
Сподња Каномља 23,
5281 Сподња Идрија
И: www.hidria.com/careers
Е: people.growing.together@hidria.com



Како можам да го поминувам словбодното време?

Во општината Идрија делуваат голем број спортски, културни и уметнички здруженија. Одделот за социјални активности во Општината Идрија се грижи за јавни повици и комуникација со здруженијата, а во неговата надлежност спаѓа и т.н. Градската дневна соба “Пр’ Голиту”. Имено, секој месец во неа се организира разновидна бесплатна програма во вид на предавања, друштвени собири, едукативни средби, работилници и други активности, а на располагање им се на сите жители на општината Идрија. Така Градската дневна соба “Пр’ Голиту” служи како појдовна точка за вклучување во социјалниот живот во општина Идрија или за информирање за настаните што се одвиваат во градот.

Контактни податоци:

Градска дневна соба Pr’ Golitu
(Mestna dnevna soba Pr’ Golitu)
Местни трг 15, 5280 Идрија
T: +386 (0)51 263 050
E: prgolitu@idrija.si

Повеќе од една деценија, Младинскиот центар Идрија ги задоволува потребите, интересите и стремежите на младите луѓе, нудејќи им безбедна и поддржувачка средина за дружење, креативност, учење и личен развој. Преку своите програми, проекти и настани, тој им овозможува на младите луѓе да стекнат искуство, да развиваат идеи и активно да го обликуваат животот во локалната заедница и пошироко. Под покровителство на Младинскиот центар Идрија работи и Хостелот Идрија, а во просториите на зградата е сместен и Дневниот центар за деца и млади Идрија.

Контактни податоци:

Младински центар Идрија
(Mladinski center Idrija)
Улица IX. корпуса 17, 5280 Идрија
И: www.mcidrija.si
T: +386 (0)51 231 049
E: info@mcidrija.si

Дневниот центар за деца и млади Идрија нуди безбеден простор за дружење, помош при учење, разговор и квалитетно поминување на слободно време.

Контактни податоци:

Дневен центар за деца и млади Идрија
(Dnevni center za otroke in mladostnike Idrija)
Улица IX. Корпуса 17, 5280 Идрија
T: +386 (0)31 635 070
E: dc.idrija@gmail.com

Општина Идрија управува со Градсакта библиотека и читална, со филијалите во Идрија, Сподња Идрија и Чрни Врх, а под нејзино покровителство работат и Филмскиот театар Идрија, како и галериите Магазин и Св. Барбара. Членството во библиотеката е бесплатно под одредени услови, а после регистрирањето позајмувањето книги е бесплатно. Достапен е голем број книги на странски јазици, како и материјали за учење на словенечкиот јазик.

Контактни податоци:

Градска библиотека и читална Идрија
(Mestna knjižnica in čitalnica Idrija)
Улица Св. Барбаре 4-5, 5280 Идрија
И: www.idr.sik.si
T: +386 (0)5 373 40 60
E: knjiznica.idrija@mkci.si

Општи контакти

U Idriji djeluje Policijska stanica Idrija (Policijska postaja Idrija), koja pokriva područje cijele općine Idrija.

Контактни податоци:

Policijska stanica Idrija (Policijska postaja Idrija)
Gregorčičeva ulica 5, 5280 Idrija
T: +386 (0)5 37 24 800
E: pp_idrija.pung@policija.si

Во градот Идрија активно е и Доброволното пожарникарно друштво Идрија (Prostovoljno gasilsko društvo Idrija) што ја покрива целата територија на општината Идрија. Во рамките на општината Идрија, во Пожарникарниот сојуз Идрија вклучени се уште девет доброволни пожарникарни друштва од поединечни месни заедници. Пожарникарските друштва работат на доброволна база, па така секогаш се радуваат за нови членови.

Контактни податоци:

ДПД Идрија (PGD Idrija)
Војкова улица 2А, 5280 Идрија
И: www.pgd-idrija.si
E: info@pgd-idrija.si

Телефонски број за итни случаи

Единствениот телефонски број за итни случаи во Европската Унија е 112. Со повикување на овој број можете да контактирате со итните служби, вклучувајќи брза помош, пожарникари и полиција. Полицијата можете да ја контактирате и анонимно и бесплатно на бројот 080 1200.

Совети за повикување на итните служби

Кога се јавувате на бројот 112, наведете ги следните информации:

- Кој се јавува
- Што се случило
- Каде се случило
- Кога се случило
- Колку лица се повредени
- Какви повреди имаат
- Какви се условите на местото на несреќата (пожар, опасни материи, оштетени гасоводи или други инсталации)
- Каква помош ви е потребна

Knjižica z informacijami za priseljence je nastala v sklopu LAS projekta RAZGIBAJMO ZNANJE

Projekt prispeva k razvoju lokalne skupnosti z izboljšanjem večnamenske javne infrastrukture, višjo kakovostjo bivanja, socialno vključenostjo ranljivih skupin ter spodbujanjem enakopravnosti in aktivne participacije prebivalcev. Temelji na medgeneracijskem sodelovanju, odgovornem odnosu do okolja in ohranjanju kulturne dediščine ter s tem ustvarja dodano vrednost za lokalno skupnost in njen dolgoročni razvoj.

Celotna vrednost projekta: 463.776,72 €
Sofinanciranje: 199.900,01 €

